РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1586
23-08-2018 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
СКОПЈЕ

| Примено: 24.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 - 687/1 | | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, Криминологија и криминална политика и Безбедност и евроатлантски интеграциии на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола**

1.Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, Криминологија и криминална политика и Безбедност и евроатлантски интеграциии на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### Образложение

Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола се обрати со барање бр. 08-1119/2 од 13.07.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1586 од 16.07.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, Криминологија и криминална политика и Безбедност и евроатлантски интеграциии на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-43/5 од 19.06.2018 година, 1409-43/6 од 19.06.2018 година и 1409-43/7 од 19.06.2018година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1586 од 23.07.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 30.07.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1586 од 31.07.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Безбедност, Криминологија и криминална политика и Безбедност и евроатлантски интеграциии на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Снежана Лузовска
одобрил: Dr.Agim Rushiti